## ПРОГРАМА

**1.** CAMILLE SAINT-SAËNS: Sonata op. 167

I. Allegreto
II. Allegro animato
III. Lento
IV. Molto allegro

**2.** LŁONID PERMINOV: Balada

*******

**3.** FRANCAIS POULENC: Sonata

I. Allegro Tristamente
II. Romanza
III. Allegro con fuoco

4. ANDRE MESSAGER: Solo de Concours

5. EUGENE BOZZA: Aria

**Бранко Павловски,** дипломирал и магистрирал на УКИМ Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на Проф. И. Кочаров. Се усовршувал на постдипломски студии на Државната музичка академија во Софија, во класата на П. Радев, Академијата за музички уметности во Прага, кај Ш. Коутњик, Националниот Конзерваториум во Версај, кај Ф. Купер, Националниот Конзерваториум во Вил д'Аврej-Париз, кај Д. Видал. Павловски завршил докторски студии на Факултетот за музичка уметност на Државниот универзитет на Луизијана, Батон Руж, САД, во класата на Р. Дилутис, каде работел како асистент по кларинет се до 2011 година. Во моментов е вон. проф на Музичката Академија на УГД во Штип. Претходно во својата педагошка дејност работел како професор по кларинет во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј" во Скопје.

Како солист и камерен музичар Павловски настапувал во САД, Франција, Англија, Чешка, Унгарија, Германија, Италија, Бугарија, Полска, Грција, Србија и Македонија. Тој работел во Воениот Оркестар на АРМ, Батон Руж Симфонискиот Оркестар, а истотака соработувал со Акадиана Симфонискиот Оркестар, Опера Луизиана, Прага Моцарт Оркестарот, Ансамблот за Современа Музика на Националнот Конзерваториумот во Версај, Македонската Филхармонија, ФЕИМС Оркестарот, ЛСУ Симфонискиот Оркестар, ЛСУ Дувачкиот Ансамбл и др. Тој истотака бил член на повеќе камерни состави: ЛСУ Кларинет Квинтетот, ЛСУ Камерениот Ансамбл, Скопски солисти, Скопскиот дувачки квинтет, потоа „Арт" и „Нова", Трио Академико...

Настапувал на повеке фестивали во земјата и странство како што се: ЛСУ Фестивалот за современа музика во Батон Руж, MusiPoeSci во Париз, Интернационалниот музички фестивал во Дартингтон, Охридско лето, Скопско лето, ИнтерВокс, Златна Лира, Модоарс, Денови на македонската музика, Штипско лето, Манифестацијата по повод денот на словенските просветители 'Кирил и Методиј' во Рим, потоа преку програмите на КИЦ, Музичка Младина на Македонија, и др. Како промотор на современата музика Павловски има премиерно изведено повеќе нови дела за кларинет.

Павловски е лауреат на повеќе државни и меѓународни натпревари по музика и има добиено голем број награди и признанија.